**20101452967**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за државната ревизија, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 октомври 2010 година.

Бр. 07-4450/1
28 октомври 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА

Член 1

Во Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија“ број 66/10), во членот 5 став 1 во воведната реченица по зборот „ревизор“ се става запирка и се додаваат зборовите: „односно заменикот“.

Член 2

Во членот 9 точка 13 зборовите: „во Државниот завод за ревизија“ се заменуваат со зборовите: „за вработените во Државниот завод за ревизија кои немаат статус на државни службеници“.

Член 3

Во членот 13 ставот (2) се брише.

Член 4

По членот 13 се додава нова Глава II-а. Вработени во Државниот завод за ревизија со три нови члена 13-а, 13-б и 13-в, кои гласат:

„Член 13-а

(1) Во Државниот завод се вработени државни службеници и лица кои немаат статус на државни службеници.

(2) Статус на државни службеници имаат вработените кои вршат стручни работи од областа на ревизијата, плански, материјално-финансиски, сметководствени, информатички и други работи од надлежност на Државниот завод за ревизија.

(3) Вработените во Државниот завод за ревизија кои вршат помошни и технички работи немаат статус на државен службеник.

Член 13-б

(1) Државната ревизија ја врши овластен државен ревизор и државен ревизор, вработени во Државниот завод за ревизија.

(2) Звањата на овластените државни ревизори и државните ревизори се:

- советник на главниот државен ревизор што соодветствува на звањето државен советник,
- помошник на главниот државен ревизор што соодветствува на звањето раководител на сектор,
- раководител на ревизија што соодветствува на звањето помошник на раководителот на сектор,
- помошник на раководителот на ревизија што соодветствува на звањето раководител на одделение,
- самостоен ревизор што соодветствува на звањето советник,
- виш ревизор што соодветствува на звањето виш соработник,
- ревизор што соодветствува на звањето соработник и
- помлад ревизор што соодветствува на звањето помлад соработник.

(3) Решението за определување на звањето од ставот (2) на овој член го донесува главниот државен ревизор.

Член 13-в

(1) Платите на овластените државни ревизори и државните ревизори се утврдуваат врз основа на коефициенти и тоа:

- советник на главниот државен ревизор со коефициент 3,40,
- помошник на главниот државен ревизор со коефициент 3,30,
- раководител на ревизија со коефициент 3,10,
- помошник на раководителот на ревизија со коефициент 3,00,
- самостоен ревизор со коефициент 2,90,
- виш ревизор со коефициент 2,70,
- ревизор со коефициент 2,50 и
- помлад ревизор со коефициент 2,00.

(2) Вредноста на основицата ја утврдува главниот државен ревизор во рамките на утврдениот буџет на Државниот завод за ревизија.“

Член 5

Во членот 20 ставот (1) се брише.

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (1), (2), (3), (4), (5) и (6).

Член 6

Во членот 38 став 3 зборовите: „Државниот завод за ревизија“ се заменуваат со зборовите: „Собранието на Република Македонија “.

Член 7

Актите од членот 9 точка 11 на овој закон главниот државен ревизор ќе ги усогласи со одредбите од овој закон во рок од два месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.